**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Бр. **02-1046/12**
Скопје, 27.10.2021 година

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО
# НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

**Скопје, 2021 година**

Врз основа на член 21 став 1 точка 10 и член 23 став 1 и 2 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија *("Службен весник на РСМ" бр. 118/2021)*, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата 11-та седница одржана на ден **27.10.2021** година донесе

# ДЕЛОВНИК
# ЗА РАБОТА НА СОБРАНИЕТО НА СТОМАТОЛОШКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Деловник за работа на Стоматолошка комора на Македонија (во понатамошен текст Деловник и Комора) се уредува начинот на свикување на седниците, начинот на испраќање на материјалите за седницата, времето на испраќање на материјалите, начинот на водење на седницата, начинот на донесување на одлуките, редоследот на добивање збор на делегатите во Собранието, чувањето на дигнитетот на Собранието и на делегатите во Собранието, почитувањето на предвиденото време за дискусија, чување на работна и конструктивна атмосфера во работењето, почитување на овластувањата на поедини органи при предлагање и донесување на одлуки и начинот на обезбедување на соработка на Собранието со Претседателот на Комората, Извршниот одбор и начинот на извршување на одлуките на Собранието, како и други прашања поврзани со работата на Собранието.

### Член 2

Работата на Собранието на Стоматолошка комора на Македонија (во понатамошен текст Собранието) е јавна, освен во случаите определени со овој Деловник.

## II ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО

### Член 3

Секој делегат со верифициран мандат, член на Собранието, ги има правата и должностите кои се утврдени со Статутот на Комората и овој Деловник.

Верификацијата на мандатот на делегатот го врши Собранието, според постапката утврдена во овој Деловник.

Престанок на мандат на делегат со верифициран мандат се утврдува согласно член 20 од Статутот на Комората.

Во случаите за престанок на мандат согласно член 20 од Статут на Комората, претседателот на Собранието со решение само констатира престанок на мандатот.

## III ИЗБОРНО КОНСТИТУТИВНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА КОМОРАТА

### Член 4

Изборно-конститутивна седница на новиот состав на Собранието, на датум утврден од ЦИК на Комората, ја свикува највозрасниот делегат од новиот собраниски состав, откако Централната изборна комисија (во понатамошен текст ЦИК) официјално и писмено ќе го извести дека изборите се завршени и решенијата за избор на новите делегати на Собранието се изготвени.

Доколку највозрасниот делегат од новиот собраниски состав е спречен да ја свика и води седницата, тогаш седницата ја свикува и води следниот делегат по возраст.

Поканата со предлог-дневен ред и пропратните материјали се доставуваат до делегатите на Собранието најмалку 5 (пет) работни дена пред одржувањето на седницата.

**Член 5**

На почетокот на изборно-конститутивната седница на Собранието, до изборот на Претседател на Собранието, се избира работно претседателство со кое раководи делегат согласно член 4 од овој Деловник од новиот состав на Собранието, кој е и претседавач на седницата.

Работното претседателство се состои од претседавач и два члена, кои се избираат од избраните делегати од новиот состав на Собранието, на предлог на претседавачот на седницата и е со мандат се до избор на Претседателот на Собранието.

За Работното претседателство избраните делегати на Собранието се изјаснуваат јавно со кревање рака.

## IV ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТОТ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

**Член 6**

Претседавачот на Собранието, по утврдување на бројот на присутните избрани делегати и утврдување на потребен кворум за работа, му предлага на Собранието избор на Верификациона комисија.

Верификационата комисија се состои од претседател и два члена, од редот на избраните делегати на новиот состав на Собранието со мандат од 5 години, кој избор и мандат се потврдува со гласови на мнозинство од избраните присутни делегати.

За претседателот и членовите на Верификационата комисија делегатите на Собранието се изјаснуваат јавно, со кревање рака.

**Член 7**

По утврдување на составот на Верификационата комисија, претседавачот дава пауза за да може Верификационата комисија да изврши увид во извештајот и другите изборни акти на ЦИК, како и евентуални приговори на изборот на одделни делегати од новиот состав на Собранието, кои можат писмено да ги поднесат сите активни членови на Комората, ја утврдува правилноста на изборот согласно Статутот и Правилникот за избори, по што на Собранието му поднесува извештај.

Извештајот со предлог за верификација на мандатите на членовите на Собранието го поднесува претседателот на Верификационата комисија.

Доколку Верификационата комисија нема забелешки на правилноста на изборот на сите избрани делегати предлогот за верификација на мандатот на делегатите на Собранието се дава во целина за сите избрани делегати.

Доколку Верификационата комисија оспори издадено уверение за избор на одделни членови и предложи верификацијата на мандатот да се одложи за тие членови, должна е да ги образложи причините и фактите на Собранието за да може Собранието да донесе правилна одлука.

**Член 8**

Извештајот на Верификационата комисија претседавачот на седницата го става на расправа пред членовите на Собранието.

По завршениот претрес, гласањето, односно одлучувањето по извештајот и предлогот се врши во целост, доколку нема оспорени мандати за одделни членови од страна на Верификационата комисија.

Ако Верификационата комисија ја оспори исправноста на издаденото уверение за избор на одделни членови и предложи верификацијата на мандатите за нив да се одложи, за секој таков предлог Собранието гласа одделно.

Гласањето за верификацијата на мандатите е јавно, со кревање рака.

**Член 9**

Собранието може да го одложи донесувањето на Одлуката за верификација на одделен мандат и да ја задолжи ЦИК да ги изврши потребните дополнителни согледувања заради кои се оспорува верификацијата на мандатот на одделни членови.

Одложувањето на носење на Одлука за верификација на одделни мандати може да биде најмногу до одржување на продолжение на изборно-конститутивната седница, доколку истата се прекине или до првата редовна седница на новиот состав на Собранието.

**Член 10**

Собранието ја продолжува работата со членовите на кои им е верификуван мандатот, а делегатите чиј мандат е оспорен, односно одлуката за верификација на мандатот е одложена, имаат право да учествуваат во работата на Собранието, без право на глас.

По извршената верификација на мандатите, претседавачот на седницата ги повикува делегатите на Собранието на кои им е верифициран мандатот да дадат свечена изјава.

По читањето на свечената изјава, делегатите на Собранието истата ја потпишуваат.

Со верификација на мандатот, читањето на Свечената изјава и нејзиното потпишување, членовите на Собранието и официјално стануваат делегати во Собранието и ги стекнуваат сите права и должности утврдени со Статутот и овој Деловник.

Претседавачот на изборно-конститутивната изборна седница има право за време на траењето на седницата која ја води да определи пауза заради одмор на членовите на Собранието, кој не може да биде подолг од 15 минути.

Претседавачот може да ја прекине седницата заради потреба од консултации по некое прашање за кое се расправа и тој прекин не може да трае повеќе од 30 минути.

Претседавачот може да ја прекине работата на седницата и да ја презакаже за друг ден.

Прекин на работата на седницата и презакажување за друг ден претседавачот може да направи само во следниве случаи:

-ако на седницата се создаде атмосфера што не овозможува нормална работа и

-ако во текот на седницата повеќе од половина членови на Собранието ја напуштат седницата и нема кворум за работа.

**Член 11**

По конституирањето на Собранието со потпишувањето на Свечените изјави на делегатите, Претседавачот на Собранието го става предлог - дневниот ред за понатамошна работа на изборно-конститутивната седница на Собранието на расправа и усвојување.

Во предлог-дневниот ред на изборно-конститутивната седница задолжително треба да стои:

1. Избор на записничар и 2 заверувачи на записникот;
2. Избор на Претседател на Собранието и двајца потпретседатели на Собрание од редот на избрани делегати со верифициран мандат во Собранието.

**Член 12**

Претседателот на Собранието се избира на предлог од најмалку 20 (дваесет) делегати со верифициран мандат, членови на Собранието, доставен до работното претседателство во писмена форма.

Претседателот на Собранието се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на делегати со верифициран мандат, со јавно гласање, со кревање рака доколку Собранието со мнозинство гласови не одлучи поинаку.

Собранието може со мнозинство од присутните делегати да го одложи изборот за Претседател на Собранието и неговите заменици за наредната седница, но никако не смее да биде после изборот на Претседател на Комората.

Доколку на седница не се избере претседател на Собранието, односно ниеден кандидат не го добие потребниот број гласови, претседавачот носи одлука истата да се прекине, при што претседавачот е должен да го закаже и води продолжението во рок од најмногу 15 (петнаесет) работни дена од денот на прекинот на седницата.

**Член 13**

По избор на претседател на Собранието, од редот на делегатите со верифициран мандат, членови на Собрание, на предлог на претседателот на Собранието се избираат и двајца потпретседатели на Собранието, со мнозинство од вкупниот број делегати со јавно гласање, со кревање рака.

**Член 14**

Претседателот на Собранието, по неговото избирање, продолжува да ја води изборно-конститутивната седница до изборот на Претседател на Комората и заменици на Претседателот на Комората или носи одлука за прекин на истата и закажува продолжение на изборно-конститутивната седница на која ќе се избира Претседател на Комората и негови заменици во рок од најмногу 30 (триесет) работни дена од денот на верификацијата на мандатите на делегатите и конституирањето на Собранието.

## V ИЗБОР И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ДРУГИТЕ ОРГАНИ, ОДБОРИ, ТЕЛА И КОМИСИИ НА КОМОРАТА

**Член 15**

Изборот на Претседател на Комората се одвива на седница на која, за да се одржи треба да присуствуваат повеќе од половината делегати со верифициран мандат во Собранието.

Претседателот на Комората го избира Собранието од редот на своите членови.

Доколку има поднесено само една кандидатура за Претседател на Комората, за избран Претседател на Комората се смета единствениот предложен кандидат, само доколку при процедурата на гласањето добил мнозинство гласови од вкупниот број на делегати со верифициран мандат во Собранието.

**Член 16**

Изборот на Претседателот на Комората е утврден и се одвива согласно член 35 од Статутот на Комората.

ЦИК е должна да ги спроведе изборите за Претседател на Комората, да води сметка изборот да биде направен согласно актите кои го регулираат ова прашање, да воспостави ред и да се грижи за регуларно спроведување на изборот.

ЦИК ги изготвува гласачките ливчиња со соодветен сериски број кој се поставува на кочанот на гласачко ливче.

Пред името и презимето на гласачкото ливче се става реден број.

На гласачкото ливче освен серискиот број на ливчето, редниот број на кандидатот, името и презимето на кандидатите, се става и печатот на Стоматолошката комора на Македонија на точно определено место, во средината на ливчето долу, означено со М.П. (место за печат).

**Член 17**

Гласањето за Претседател на Комората е тајно.

Целокупната процедура околу гласањето, пребројувањето на гласовите и соопштувањето на резултатите од гласањето е во надлежност на ЦИК и се одвива јавно пред делегатите на Собранието.

ЦИК обезбедува гласачка кутија, услови за тајност на гласањето и гласачки ливчиња, колку што има делегати со верифицирана мандат во Собранието.

Техниката на гласањето се одвива на тој начин што Претседателот на ЦИК ги прозива делегатите на Собранието, им дава гласачко ливче, тие се потпишуваат на списокот делегати, кој список сега има карактер на избирачки список, и после извршеното гласање гласачкото ливче го уфрлуваат во гласачката кутија.

**Член 18**

Гласачкото ливче се пополнува така што се заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој се гласа.

Гласачкото ливче на кој што е заокружен редниот број на повеќе кандидати, гласачкото ливче на кое се внесени и заокружени нови имиња, непополнето гласачко ливче како и гласачкото ливче што е потполнето така што не може со сигурност да се утврди за кој кандидат избирачот гласал, се смета за неважечко.

**Член 19**

Откако сите делегати со верифициран мандат ќе бидат повикани на гласање и од кога тие ќе го извршат гласањето, ЦИК констатира дека гласањето за избор на Претседател е завршено и може да премине кон пребројување на гласачките ливчиња и утврдување на резултатите од гласањето.

Пребројувањето на гласачките ливчиња и утврдувањето на резултатите се одвива јавно пред присутните делегати и тоа по следниот редослед:

- се пребројуваат неупотребените гласачки ливчиња и се ставаат во посебен плик;
- се утврдува вкупниот број на членови на Собранието кои гласале според списокот на делегатите;
- се отвора кутијата за гласање и се пребројуваат гласачките ливчиња во гласачката кутија;
- се утврдува бројот на гласови што го добил секој поединечен кандидат и
- се објавува бројот на гласови кои ги добиле кандидатите.

По завршувањето на гласањето и утврдувањето на бројот на гласови по кандидати, ЦИК составува записник кој го потпишуваат претседателот на ЦИК и сите членови на ЦИК по што ЦИК поднесува извештај до Собранието за резултатите од гласањето.

**Член 20**

За Претседател на Комората е избран оној кандидат што добил мнозинство гласови од вкупниот број на делегати со верифициран мандат во Собранието.

Доколку ниеден од предложените кандидати не го добие потребното мнозинство на гласови од став 1 на овој член, се спроведува втор изборен круг во кој не учествува/ат кандидатот/тите кој/и добил/е најмалку гласови во првиот изборен круг.

Гласањето се спроведува додека еден од кандидатите не го добие потребното мнозинство согласно став 1 од овој член, а при секој круг испаѓа кандидатот со најмалку гласови.

Доколку при гласањето има повеќе кандидати со ист број на гласови и не може да се утврди кој кандидат продолжува да учествува во изборот, ЦИК е должен да го повтори процесот на гласање само за кандидатите со ист број гласови.

Доколку и по повтореното гласање кандидатите имаат ист број на гласови оној кандидат кој има поголем стаж во Комората продолжува да учествува во започнатиот изборен процес или доколку кандидатите кои имаат еднаков број на гласови се со еднаков стаж во Комората во изборниот процес продолжува кандидатот со повеќе стаж како доктор на стоматологија што се утврдува со уверение за завршен стручен испит.

Доколку некој од кандидатите кои влегуваат во наредниот изборен круг се откаже, на негово место стапува кандидатот кој е следен по бројот на освоените гласови од претходниот изборен круг.

Во последниот изборен круг на гласањето, кога се гласа за последните два кандидата, избран е оној кандидат кој добил мнозинство од гласови од вкупниот број на делегати во Собранието.

Доколку во последниот изборен круг на гласање, кандидатите имаат ист број гласови, гласањето се повторува уште најмногу еднаш и доколку и при повтореното гласање кандидатите повторно имаат ист број на гласови ќе се смета дека Собранието не избрало Претседател на Комората.

Доколку Собранието не избере Претседател на Комората, Претседателот на Собранието во рок од петнаесет (15) работни дена од одржувањето на претходната изборна седница закажува нова седница на Собранието за избор на Претседател на Комората, на која се гласа само за кандидатите кои на последното гласање имале ист број на гласови.

Доколку и на новозакажаната изборна седница на Собранието не се избере Претседател на Комората, претседателот на Собранието, во рок од најмногу 90 работни дена од одржувањето на претходната изборна седница, закажува нова изборна седница на Собранието, а целокупната процедура за избор на Претседател на Комората се повторува, односно започнува од почеток со предлагање на исти или нови кандидати за Претседател на Комората согласно Статутот на Комората.

**Член 21**

Претседателот на Собранието го објавува резултатот од гласањето и го прогласува изборот на Претседател на Комората.

Претседателот на Комората се избира со мандат од 5 години.

Престанокот на мандатот на Претседателот на Комората е утврден согласно член 37 од Статутот на Комората.

**Член 22**

По изборот на Претседател на Комората, Собранието избира двајца заменици на Претседателот на Комората, на предлог на Претседателот на Комората.

Заменициите на Претседателот на Комората се избираат со јавно гласање од делегатите на Собранието, согласно член 36 од Статутот на Комората.

Заменициите на претседателот се избираат од редот на активните членовите на Комората со мнозинство гласови од вкупниот број делегати во Собранието.

Доколку еден или двајцата предложени кандидати не го добијат потребното мнозинство, Претседателот на Комората може да го поднесе истиот предлог за заменикот/заменициите уште најмногу еднаш или може да поднесе нов предлог на наредната седница на Собранието.

Изборот и разрешувањето на останатите органи, одбори, тела и комисии, освен изборот и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор, е утврден со член 34 од Статутот на Комората.

Изборот и разрешувањето на членовите на Надзорниот одбор е утврден согласно член 33 од Статутот на Комората.

Во случаите за престанок на мандат на членовите на органите, телата, одборите и комисиите на Комората, а поврзано со престанок на членство во Комората согласно член 15 од Статут на

Комората, претседателот на Собранието на Комората со решение само констатира престанок на мандатот.

## VI РАБОТНИ СЕДНИЦИ НА СОБРАНИЕТО

**Член 23**

Собранието на Комората работи на седници.

Работните седници на Собранието може да бидат редовни и вонредни.

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива, по предлог на: Претседателот на Комората, Извршниот одбор, 20 (дваесет) делегати на Собранието, три Регионални одбори или на предлог на Надзорниот одбор, доколку за тоа се исполнети условите.

Редовните седници на Собранието, со одлука на претседателот на Собранието, може да се закажуваат и одржуваат и виртуелно, онлајн, преку адекватна платформа за одржување на седници на органи на управување.

Седниците кои се одржуваат преку платформа, виртуелно, онлајн, задолжително се снимаат и снимката се чува во Архивата на Комората.

Предлогот за свикување на седници од страна на предлагачите од став 3 од овој член се доставува во писмена форма до претседателот на Собранието.

Предлогот треба да биде пропратен со материјалите кои се потребни согласно предложениот дневен ред.

Претседателот на Собранието е должен да свика седница најдоцна во рок од 30 работни дена од денот на добивање на барањето, односно предлогот од страна на овластените предлагачи цитирани во став 3 од овој член и со предлог-дневен ред кој го содржи само предлогот од овластените предлагачи заедно со доставените пропратни материјали.

Доколку претседателот не свика седница во рок од 30 работни дена, тогаш седницата ја свикува предлагачот.

**Член 24**

За датумот на одржување на редовна седница делегатите се информираат по пат на СМС порака или е-маил, најдоцна 10 ( десет) дена пред одржувањето на седницата, додека поканата за одржување на редовна седницата се испраќа со препорачана пошта во хартиена форма или електронски преку е-маил, најдоцна 5 (пет) дена пред датумот за одржување на седницата.

Поканата се состои од датум, место, време, предлог-дневен ред, материјали во врска со дневниот ред како и предлог-записник од претходната седница.

Доколку материјалот за седницата се состои од предлог-акти или нивна измена кои се поднесуваат на седницата за усвојување, задолжително се наведува и предлагачот.

Поканата со материјалите за седницата, во име на претседателот на Собранието ги испраќа вработен во Стручната служба, која е одговорна и за подготовка на седниците на Собранието, заедно со претседателот на Собранието.

**Член 25**

Со седниците на Собранието раководи претседателот на Собранието и истиот ги потпишува одлуките и актите што ги донесува Собранието.

Во случај на спреченост на претседателот на Собранието, седницата на Собранието ја закажува и ја води еден од потпретседателите на Собранието што ќе го определи претседателот на Собранието.

**Член 26**

Работата на седницата може да започне само ако е обезбеден кворум, односно ако на седницата присуствува мнозинството од вкупниот број на верифицирани делегати, членови на Собранието.

Пред почетокот на работата на седницата, Претседателот на Собранието јавно го соопштува бројот на присутните членови на Собранието, ги соопштува имињата на членовите на Собранието што го најавиле отсуството и имињата на оние што воопшто не го оправдале своето отсуство и кои се сметаат за неоправдано отсутни.

**Член 27**

Претседателот на Собранието ја почнува седницата со читање на точките од предлог-дневниот ред и веднаш отвора расправа по истите.

Секој делегат на Собранието има право да побара некоја од точките на предложениот дневен ред да се исфрли од дневниот ред на седницата или пак да предложи на дневниот ред да се додаде нова точка. И по едното и по другото барање членот е должен да даде детално образложение, но не подолго од 5 (пет) минути.

Претседателот на Собранието е должен да го стави предлогот на гласање.

Предлогот на делегатот за измена и дополнување на дневниот ред е усвоен ако за него гласале мнозинство од присутните членови.

По заклучувањето на расправата по предложениот дневен ред, претседателот го става на усвојување предлогот во целина и предлог-дневниот ред станува дневен ред на седницата на Собрание ако за него гласале мнозинството од присутните делегати на Собранието.

**Член 28**

Претседателот на Собранието може да свика и вонредна седница доколку смета дека е потребна итна одлука на Собранието од особено оправдани причини и од причини на "виша сила".

Вонредната седница на Собранието, Претседателот може да ја свика и по електронски пат и да побара од делегатите на Собранието да гласаат за одредено прашања или да го изразат своето мислење по електронски пат (преку е-маил).

Во случај на гласање на делегатите на Собранието по електронски пат (преку е-маил), делегатите на Собранието се должни да се изјаснат најдоцна во рок од три (3) дена од добиеното известување за вонредната седница по е-маил и мораат да ја користат опцијата „одговори на сите“ (Reply all) за да бидат запознаени сите делегати на Собранието со нивниот глас.

За да се донесе одлука на овој начин, потребно е мнозинство од вкупниот број делегати. Гласовите на делегатите на Собранието кои не се изјасниле во наведениот период или не се изјасниле согласно став 3 од овој член, се смета дека гласале за предлогот доставен во поканата.

Претседателот на Собранието не може да свика вонредна седница на Собрание по електронски пат (онлајн) за прашања определени со двотретинско мнозинство наведени во член 23, став 5 од Статутот на Комората.

## VII ПОЛНОВАЖНОСТ НА ОДЛУКИТЕ НА СОБРАНИЕТО

**Член 29**

Собранието донесува полноважни одлуки откако ќе биде верифициран мандатот на членовите и откако ќе биде обезбеден потребниот кворум за работа и одлучување.

За да може Собранието да започне со работа, мора да бидат присутни мнозинство од вкупниот број на членови со верифициран мандат.

Собранието одлучува полноважно со мнозинство гласови од присутниот број делегати, а притоа ако гласале најмалку една третина од вкупниот број делегати на Собранието со верифициран мандат.

**Член 30**

Донесените одлуки, заклучоци, ставови, декларации, препораки и други акти што ги донесува Собранието се неважечки доколку не се донесени со потребното мнозинство при гласањето.

**Член 31**

Собранието одлучува со двотретинско мнозинство од вкупниот број делегати за прашања определени со член 23 став 5 од Статутот на Комората.

Одлучувањето во Собранието се врши со јавно гласање, освен ако Собранието не одлучи тоа да биде тајно.

**Член 32**

Претседателот на Собранието е должен пред гласањето за донесување на секоја одлука да го соопшти потребното мнозинство и да го цитира членот од Статутот и Деловникот во кој е определено соодветното мнозинство.

Гласањето може да биде јавно или тајно. Освен за оние одлуки за кои во Статутот задолжително е определено тајно гласање, за сите други гласањето по правило е јавно и се извршува со кревање рака.

Кон гласање се пристапува кога претседателот на Собранието ќе ја заклучи расправата по точката од дневниот ред за која се расправа.

Делегатите можат да гласаат ЗА, да бидат ПРОТИВ или да бидат ВОЗДРЖАНИ и немаат право да не го искористат своето право и обврска да гласат доколку се присутни на седницата.

Претседателот е должен да побара, делегатите кои се за одлуката да се изјаснат со кревање рака и притоа да ги изброи делегатите кои гласале ЗА.

Потоа е должен да побара делегатите кои се против одлуката да се изјаснат со кревање рака и исто така да ги изброи делегатите кои гласале ПРОТИВ.

На крајот е должен да побара кои делегати се ВОЗДРЖУВААТ од гласањето да се изјаснат со кревање рака и исто така го утврдува бројот на делегатите кои гласале ВОЗДРЖАНО.

Претседателот ги сумира резултатите од гласањето и јавно соопштува колку делегати гласале ЗА, колку ПРОТИВ и колку ВОЗДРЖАНО.

Спрема резултатите од гласањето соопштува дали Одлуката е донесена или не е донесена, односно дали некое барање е прифатено или е отфрлено.

Собранието со посебна одлука може да одлучи да се гласа тајно и за прашања за кои во Статутот не е определено тајно гласање.

**Член 33**

Ако некој од делегатите се посомнева во точноста на утврдените резултати од гласањето може да побара гласањето да се повтори и тоа секој член да гласа поединечно и јавно со прозивка од списокот на членовите на Собранието.

За да може да се спроведе вакво гласање, делегатот кој го дава овој предлог треба да обезбеди поддршка од најмалку 10 делегати на Собранието и Претседателот на Собранието е должен веднаш да започне со повторување на гласањето, без да отвора расправа.

После завршеното прозивање и бележење на гласањето на секој делегат, претседателот ги сумира резултатите и ги објавува пред Собранието.

**Член 34**

Претседателот на Собранието има право за времетраење на седницата која ја води да определи пауза за одмор на делегатите на Собранието, која не може да биде подолга од 15 минути.

Претседателот на Собранието може да ја прекине седницата заради потреба од консултации по некое прашање за кое се расправа и тој прекин не може да трае повеќе од 30 минути.

Претседателот на Собранието може да ја прекине седницата и да ја презакаже за друг ден.

Прекин на работата на седницата и презакажување за друг ден, претседателот на Собрание може да направи само во следниве случаи:

-ако на седницата се создаде атмосфера што не овозможува нормална работа,

-ако во текот на седницата повеќе од половина делегати на Собранието ја напуштат седницата и нема кворум за работа,

-ако тоа го побара еден делегат поддржан од 10 делегати на Собранието, а Собранието со гласање го прифати неговиот предлог.

**Член 35**

Седница на Собранието на која се бираат органите и телата на Комората или која било друга редовна работна седница може да заврши со работа во еден ден, а може да се одржува и во неколку продолженија во различни денови, се додека не се исцрпи дневниот ред што е усвоен на почетокот на седницата.

**Член 36**

Во работата на Собранието може да учествуваат и претседателите на органите и телата на Комората или нивни претставници, Обвинителот на Комората или негов заменик и поканети претставници од стоматолошките факултети, релевантни стоматолошки друштва и здруженија, Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, синдикатите за здравство и други институции и организации од областа на здравството, како и други поканети гости, но без право на гласање.

Присутните гости на седницата на Собранието може да земат збор само ако сакаат да ја поздрават работата на Собранието, односно доколку од претседателот се замолени да дадат одредено објаснување или одговор за прашање кое е поставено на седницата, а е во ингеренции на институцијата или органот што го претставуваат или по однос на точката на дневниот ред за која се поканети.

## VIII ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОБРАНИЕТО ЗА РАБОТА НА СЕДНИЦИТЕ НА СОБРАНИЕТО

**Член 37**

Делегатот има обврска да присуствува на седниците на Собранието ако уредно е поканет на седницата.

Во случај да биде спречен да присуствува на седницата, должен е да го извести (со СМС-порака или е-маил) Претседателот на Собранието, и тоа најмалку 2 (два) часа пред почетокот на седницата на Собранието.

Делегатот кој што не го најавил и оправдал отсуството од седницата на начин определен во став 2 од овој член, се смета дека неоправдано отсуствувал од седницата.

Доколку некој од делегатите отсуствува неоправдано на повеќе од две седници, претседателот на Собранието го известува претседателот на Регионалниот одбор од каде е избран делегатот, а ја задолжува ЦИК со барање за спроведување на понатамошна постапка.

Делегатите кои се оправдано отсутни може да дадат свое мислење по одредени точки од дневниот ред на седницата и исто така да гласаат за доставените предлози, предлог-одлуки и заклучоци со поднесување на писмена изјава (преку СМС-порака или е-маил) за една од можностите ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН.

За одредбите од претходниот став, претседателот на Собранието е обврзан да ги информира присутните делегати за доставеното мислење во моментот кога се расправа по таа точка, односно при утврдување на гласањето се зема предвид и писмено искажаниот глас на оправдано отсутниот делегат, но само во случај кога се гласа по изворниот текст од точката на дневниот ред.

**Член 38**

Делегатот е должен да го почитува Статутот на Комората, одредбите на овој Деловник и одлуките што ги донело Собранието, независно од тоа дали гласал ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАНО за одредена одлука.

Делегатите се должни да ги чуваат како деловна тајна доверливите информации и факти за кои дознаваат додека ги извршуваат своите должности во Собранието.

Делегатите на Собранието за одредени информации од информативен карактер кои ќе бидат означени како доверливи, треба да внимаваат при презентирање на истите надвор од Собранието, почитувајќи го Кодексот на стоматолошката етика и деонтологија и позитивните законски норми за заштита на личните податоци.

Претседателот на Собранието мора да ги извести делегатите во Собранието, како и другите поканети лица на обврската за чување на доверливоста на податоците при упатување на поканата за седницата на Собранието, а повредата на одредбите на овој член подразбира дисциплинска одговорност на делегатот и поканетото лице.

**Член 39**

Делегатот има право да се јавува за збор и да расправа по секоја точка од дневниот ред.

Барањето збор по одредена точка од дневниот ред се одобрува од страна на претседателот на Собранието, по редослед на пријавување.

По добивање збор, делегатите може да зборуваат по правило на говорница или од местото на седење по нивен избор.

**Член 40**

За време на водењето на седницата, претседателот прво дава збор на подносителот на точката од дневниот ред, кој има разумно време за образложение, не подолго од (5) пет минути, а по истото во текот на расправата може да се произнесе повеќе пати, но не подолго од по (3) три минути.

Делегатот може да земе збор и да дискутира само по точката од дневниот ред за која се расправа. Дискусијата на делегатот по правило треба да трае (5) пет минути, а репликата (2) две минути.

Делегатот нема право да се вклучува во дискусија на други членови, да ја оневозможува дискусијата на другите членови или пак да реплицира без да добие збор за тоа.

**Член 41**

Делегатот може да се јави за реплика, само ако во дискусијата на друг делегат е спомнато неговото име и неговата функција во некој од органите и телата на Комората.

Делегатот кој оправдано бара реплика добива збор од страна на претседателот на Собранието веднаш.

Делегатот на Собранието може веднаш да добие збор, доколку нотира процедурална забелешка и по добивање збор е должен, пред да се произнесе, да прочита која одредба од Деловникот или Статутот, односно која процедура е прекршена.

**Член 42**

Претседателот на Собранието е должен да го опомене делегатот кој што во дискусијата не се држи по точката од дневниот ред или битно отстапува од времето за дискусија.

Доколку и после опомената, делегатот и понатаму дискутира надвор од точката на дневниот ред или битно отстапува од времето за дискусија, претседателот на Собранието има право да му го одземе зборот.

Доколку делегатот продолжи да се однесува спротивно од насоките од претседателот на Собранието, претседателот на Собранието опомената писмено ја забележува во записникот на седницата и делегатот го отстранува од седницата.

Доколку делегатот продолжи и понатаму да се однесува спротивно на овој Деловник, и насоките на претседателот на Собранието, претседателот веднаш е должен да ја прекине седницата додека се воспостават услови за нејзино продолжение и е должен да достави писмена пријава за делегатот до Комисијата за етика и деонтологија на Комората за понатамошно постапување која ќе стане дел од записникот од седницата.

**Член 43**

Секој делегат има право во свое име да бара Собранието да постави во дневниот ред одредени прашања или предлог-решенија кои се од интерес за членовите на Комората.

Делегатот кој поднесува иницијатива или предлог во име на Регионалниот одбор од каде е избран или во свое име, должен е таквиот предлог да го достави до претседателот на Собранието во писмена форма, најдоцна (5) пет дена пред седницата.

Претседателот на Собранието е должен таквиот предлог да го достави до Извршниот одбор и Претседателот на Комората и да бара тие да заземат став по конкретниот предлог или барање, односно да преземат мерки доколку оценат дали предлогот или барањето се оправдани.

Ако делегатот не е задоволен од ставот на Извршниот одбор и Претседателот на Комората, има право со поддршка од (20) дваесет делегати да бара од претседателот на Собранието да отвори расправа на седницата на Собранието.

Претседателот на Собранието е должен да го стави на гласање предлогот или барањето на делегатот.

Член 44

Делегатите имаат право да поставуваат прашања и да бараат одговор од Претседателот на Комората за спроведување на одлуките на Собранието или за превземените мерки по донесените одлуки.

Делегатите имаат право да поставуваат прашања за активностите на Извршниот одбор и Претседателот на Комората по актуелните прашања и проблеми од интерес за докторите на стоматологија.

Член 45

Делегатите имаат право да поднесуваат иницијатива за предвремено разрешување на органите, односно било кој член од органите и телата на Комората што ги бира Собранието и пред истекот на мандатот за кој се избрани, врз основа на одредбите од Статутот на Комората.

Иницијативата за разрешување со предлогот за разрешување се доставува до претседателот на Собранието и мора да биде образложена, а претседателот на Собранието ја става на гласање.

Надзорниот одбор исто така може да поткрене иницијатива за предвремено разрешување на органи и тела на Комората што ги бира Собранието доколку утврди дека работеле спротивно на Статутот на Комората и на штета на членовите на Комората.

По предлогот за предвремено разрешување, Собранието одлучува во иста постапка како при изборот.

Член 46

На делегат во Собранието може да му престане мандатот и пред времето за кое е избран:

1) ако е утврден престанок на членство според условите утврдени со член 15 од Статутот на Комората

2) ако даде оставка;

3) ако од Судот на честа е осуден за потешко прекршување на Кодексот на стоматолошка етика и деонтологија.

Делегат во Собранието има право да поднесе оставка. Оставката ја доставува во писмена форма до претседателот на Собранието.

Делегатот кој што поднел оставка има право пред Собранието да ги образложи причините поради кои поднесува оставка.

За оставката не се води расправа, туку само се констатира дека престанува мандатот на членот што поднел оставка.

На местото на делегатот на кого му е констатирана оставката доаѓа друг делегат согласно одредбите на Статутот на Комората и одредбите од актот за избори и отповикување на делегати во Собранието на Комората.

Член 47

Претседателот на Собранието има право да определи пауза на седницата заради одмор на делегатите во траење од 15 минути.

Претседателот на Собранието има право да определи пауза од 30 минути доколку оцени дека за некои прашања се потребни консултации во органите и телата на Собранието.

Пауза од 30 минути може да побара и секој делегат на Собранието поддржан од (20) дваесет делегати, со тоа што е должен да образложи зошто ја бара паузата.

Претседателот на Собранието е должен да го усвои барањето.

**Член 48**

За секоја седница се води записник од страна на записничар.

На записникот задолжително се потпишуваат претседателот на Собранието и записничарот, а на изборно-конститутивната седница и двајцата заверувачи.

Записникот содржи: датум, време кога започнала седницата и кога завршила, место на седницата, дневниот ред на седницата, имиња и презимиња на други поканети лица на Собранието, како и имиња и презимиња на отсутни делегати со наведена причина за нивна не/оправданост, скратен тек на седницата со прецизно наведени одлуки и заклучоци кои се донесени со точен резултат од гласањата.

Делегатите, скратениот предлог-записник од седницата на Собранието го добиваат по електронски пат во предвиденото време пред наредната седница на Собранието, согласно Статутот и овој Деловник на Комората, кога истиот се става на гласање и усвојување.

Седниците на Собранието, со одлука на Претседателот на Собранието, може да се снимаат (видео и аудио), за што претседателот на Собранието мора да ги извести сите присутни лица на почетокот на седницата, а снимките се чуваат во Архивата на Комората.

Секој делегат на Собранието има право да ја погледне видео-аудио снимката во просториите на Комората, во присуство на вработените во Стручната служба на Комората.

Одлуките, ставовите, препораките, заклучоците и актите што ги донесува Собранието се задолжителни за сите органи и тела на Комората, како и за секој член на Комората, а ги потпишува претседателот на Собранието.

**Член 49**

Претседателот на Комората може да сопре извршување на одредена одлука на Собранието доколку смета дека е донесена спротивно од позитивните законски прописи, одредбите во Статутот и овој Деловник на Комората.

Во таков случај, Претседателот на Комората е должен писмено да го извести претседателот на Собранието, а на првата наредна седница на Собранието истото прашање повторно ќе се разгледа.

Доколку Собранието повторно ја донесе истата одлука, Претседателот на Комората е должен да ја спроведе.

## IX ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 50**

За се што не е регулирано со овој Деловник се применуваат одредбите од Статутот на Комората.

Доколку во текот на седницата на Собранието се создаде ситуација во која некое прашање не е регулирано со одредбите од Статутот, тогаш Собранието на самата седница одлучува како ќе постапи.

Со денот на влегување во сила на овој Деловник престанува да важи Деловникот бр. 02-79/3 од 25.01.2019 година.

Овој деловник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на веб-страната на Комората.

*Скопје, 27.10.2021 година*

**Стоматолошка комора на Македонија**
**Претседател на Собрание,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П. ________________________